**20241732995**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

Врз основа на член 8-ѓ став 7 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија” бр.68/04,127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 67/22 и 170/24), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ВО ХАРТИЕНА ФОРМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СПК НА ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА ПРЕВОЗ И НА СПК НА ВОЗАЧ ЗА УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА И ПАТНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на постапката во хартиена форма за полагање на испитот за добивање на СПК на лице одговорно за превоз и испитот за добивање на СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стока.

Член 2

Испитот за добивање на СПК на лице одговорно за превоз, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитите не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на превоз на патници и стока, се спроведува во хартиена форма според програмата и постапката согласно Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на СПК на лице одговорно за превоз, формата и содржината на пријавата за полагање на испит, записникот за положен испит и на сертификатот.

Член 3

Испитот за добивање на СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стока, во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитите не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на превоз на патници и стока, се спроведува во хартиена форма според програмата и постапката согласно Правилникот за начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на СПК на возач, формата и содржината на пријавата за полагање на испит, записникот за положен испит и на сертификатот.

Член 4

Испитите од членовите 2 и 3 од овој правилник се спроведуваат во простории наменети за полагање на испити, како амфитеатри или простории на факултет, училници во училишта, како и друг соодветен простор за непречено одржување на испитите во други институции и сл.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување на постапката во хартиена форма за полагање на испитот за добивање на СПК на лице одговорно за превоз и на СПК на возач за учество во меѓународен превоз на патници и стока („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/24).

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-3033/1
19 август 2024 година
Скопје

Министер за транспорт
**Александар Николоски,** с.р.